# ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

## 1. Прашање:

Нашата јавна институција располага со службени моторни возила за кои би сакале да користиме TAG уреди за електронска наплата на патарина. Во врска со начинот на плаќање на трошоците поврзани со користењето на TAG уредите, ве молиме за ваше мислење.

Дали во евентуалната јавна набавка треба да се опфати само набавката на TAG уредите, само трошоците за патарина, или и двата вида трошоци, и на кој начин треба да се утврди предметот и проценетата вредност на набавката?

## Одговор:

Надоместокот за употреба на пат – патарина, согласно член 58 став (1) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25) се плаќа за употреба на автопат, експресен пат, магистрален пат или нивен дел, како и за употреба на мост, вијадукт или тунел изграден заради скратување на трасата на постојниот пат. Висината и начинот на наплата на овој надоместок ги утврдува Владата, согласно став (2) од истиот член.

Согласно член 58 став (3) од Законот, наплатата на патаринаta ја врши Јавното претпријатие, меѓу другото и електронски, со уред за електронска наплата на патарина – TAG. Платениот надоместок преку TAG се евидентира во системот за електронска наплата на патарина на Јавното претпријатие, согласно член 58 став (5).

Оттука, плаќањето на патаринаta претставува исполнување на законски утврдена обврска за користење на патната инфраструктура. Начинот на плаќање преку TAG претставува само еден од законски предвидените начини на наплата и не ја менува правната природа на надоместокот. Според тоа, за износите што се плаќаат по основ на патарина не се спроведува постапка за јавна набавка.

Електронската наплата на патаринаta преку TAG, согласно член 58-а став (1), Јавното претпријатие може да ја врши и преку правни лица избрани по јавен повик. Јавниот повик се објавува за склучување договори за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со TAG уреди, согласно став (2), а условите што треба да ги исполнуваат правните лица се утврдени во став (3). Постапката ја спроведува комисија на Јавното претпријатие согласно став (5), по што со правните лица што ги исполнуваат условите се склучува договор согласно став (6).

Во однос на еднократниот трошок за TAG уредот, треба да се има предвид дека цената за продажба на еден уред не смее да биде повисока од цената утврдена во актот од член 58 став (2), согласно член 58-а став (1). Бидејќи продажбата и дистрибуцијата на TAG уредите се вршат во рамки на посебниот режим утврден со член 58-а, договорниот орган не спроведува постапка за јавна набавка за избор на оператор за електронска наплата. Доколку, пак, надвор од овој законски режим се набавуваат дополнителни стоки или услуги што не се опфатени со патаринаta и со цената на TAG уредот, потребата од примена на Законот за јавните набавки се оценува одделно според предметот и вкупната проценета вредност на тие стоки или услуги.

Имајќи го предвид наведеното, патаринатa претставува јавна давачка утврдена со закон, независно дали се плаќа готовински, со платежна картичка или електронски преку TAG. Начинот на објавување и спроведување на јавниот повик, условите за правните лица и склучувањето на договорите за продажба, дистрибуција и наплата со TAG уреди се уредени со член 58-а од Законот за јавните патишта и се во надлежност на Јавното претпријатие.

### 2. Прашање:

Како договорен орган електричната енергија ја обезбедуваме од ЕВН согласно условите за снабдување на мал потрошувач, при што редовно добиваме фактури за потрошената електрична енергија. Дали фактурите за потрошена електрична енергија, треба да се внесуваат во кварталната евиденција на набавки и дали тие влегуваат во износот од 12.000евра?

### Одговор:

При спроведување на постапка за јавна набавка, договорниот орган покрај одредбите од Законот за јавните набавки соодветно ги применува и одредбите од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка. Доколку со материјалниот пропис со кој се дефинира категорија на мал потрошувач, е утврдено како истиот постапува при снабдувањето со електрична енергија, тогаш треба да постапите согласно со материјалниот пропис.

Универзалниот снабдувач кој е избран во транспарентна постапка согласно Законот за енергетика, е должен да врши снабдување со електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи кои се наоѓаат на подрачјето на кое има обврска да обезбеди универзална услуга и кои избрале да бидат снабдувани од него, во согласност со правилата за снабдување.

Според тоа, доколку согласно одредбите од Законот за енергетика спаѓате во категорија на мал потрошувач и со електрична енергија се снабдувате од страна на Универзалниот снабдувач, во тој случај надоместокот за снабдување со електрична енергија не влегува во прагот од 12.000 евра, односно истиот не се евидентира во кварталната евиденција на ЕСЈН.

## ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

### 3. Прашање:

Дали договорен орган кој самиот нема потреба од одредена набавка, може да биде носител на групна набавка? Доколку може, која е проценета вредност кој истиот ќе ја внесе во годишниот план за јавни набавки со оглед на тоа дека нема потреба од соодветната набавка и би имал 0 денари проценета вредност за истата?

Дали договорниот орган кој нема потреба од одредена набавка, а се предлага да биде носител на набавката треба да го врши и плаќањето по тој договор? И дали истиот мора да има член во комисијата за јавни набавки при спроведување на соодветната постапка?

### Одговор:

Согласно со член 62 став (1) од Законот за јавните набавки, групна набавка се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување групна набавка. Согласно со став (2) од истиот член, договорот за извршување групна набавка ги дефинира сите права и обврски кои договорните органи ќе ги имаат во однос на економскиот оператор со кој ќе биде склучен договорот за јавна набавка.

Оттука, договорните органи кои учествуваат во групната набавка сами одлучуваат кој од нив ќе ја спроведе постапката во нивно име, при што не е неопходно договорниот орган кој ја спроведува групната набавка да има сопствена потреба од предметот на набавката. Правата и обврските на договорните органи кои учествуваат во групната набавка треба претходно да бидат уредени со договорот за извршување на групната набавка.

Во однос на планирањето на набавката, согласно со член 75 став (1) од законот, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, со кој, меѓу другото, се определува предметот на набавката и проценетата вредност на договорот. Согласно со став (2) од истиот член, вкупните потреби за набавки ги вклучуваат и потребите што се реализираат како групна набавка или преку централно тело за набавки.
Следствено на наведеното, договорните органи кои имаат потреба од предметот на групната набавка ја планираат вредноста на сопствените потреби што ќе ги реализираат преку групната набавка. Доколку договорниот орган кој е определен да ја спроведе постапката нема сопствена потреба од предметот на набавката, истиот нема проценета вредност на сопствена потреба што би ја планирал по тој основ. Во тој случај, во колоната „Забелешки“ од годишниот план може да се наведе дека договорниот орган, поради расположливите административни капацитети, ќе ја спроведе постапката во име на групата, иако нема сопствена потреба од предметот на набавката.
Во однос на плаќањето и реализацијата на договорот, член 62 став (2) предвидува дека договорот за извршување групна набавка ги дефинира сите права и обврски кои договорните органи ќе ги имаат во однос на економскиот оператор со кој ќе биде склучен договорот за јавна набавка. Оттука, начинот на реализација на договорот и обврските на секој договорен орган треба да бидат соодветно уредени со договорот за извршување групна набавка.
Исто така, секој член на групата пополнува посебно известување за склучен договор преку својот профил на ЕСЈН, во кое ја внесува вредноста на договорот што ќе ја реализира поединечно, а по реализацијата секој член пополнува и известување за реализација на договорот.
Во однос на составот на комисијата за јавна набавка, од член 62 од законот не произлегува обврска секој договорен орган кој учествува во групната набавка да има свој претставник во комисијата за јавна набавка.
Имајќи предвид дека групната набавка се спроведува координирано преку еден договорен орган во име на групата, составот на комисијата се определува во рамки на спроведувањето на постапката, а договорните органи можат меѓусебно да го уредат своето учество при подготовката и спроведувањето на групната набавка.

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

### 4. Прашање:

Дали на претходно објавен оглас, поништен по основ дека нема ниту еден поднесена понуда, при негово повторно објавување може да се менува техничката спецификација, вредноста и времетраењето?

Одговор:

Согласно член 114 став (1) од Законот за јавните набавки, договорниот орган ја поништува постапката за јавна набавка во случаите утврдени со оваа одредба, меѓу кои и кога не е поднесена ниту една понуда.
Со донесувањето на одлуката за поништување, конкретната постапка за јавна набавка завршува. Доколку потребата за предметната набавка и понатаму постои, договорниот орган може повторно да спроведе постапка за јавна набавка.
При повторното спроведување на постапката, договорниот орган може да изврши измени на техничката спецификација, проценетата вредност и времетраењето на договорот, имајќи ги предвид своите реални потреби и расположливите средства, при што е должен да ги почитува одредбите од Законот за јавните набавки и начелата на кои се темели јавната набавка.
Оттука, фактот што претходно спроведената постапка е поништена поради тоа што не е поднесена ниту една понуда, не претставува пречка при повторното спроведување на постапката да се изменат техничката спецификација, проценетата вредност или предвиденото времетраење на договорот, доколку договорниот орган оценил дека таквите измени се потребни за соодветно задоволување на потребата за набавката.

5. Прашање:

По објавување на огласот направена е мала корекција на тендерската документација. Понудувачот понудата ја поднел претходно и истата ги исполнува сите барања и услови, а потребна документација е доставена. Дали може да се прифати понудата иако е поднесена по старата тендерска документација бидејќи има такво означување на ЕСЈН?

Одговор:

Договорниот орган може согласно со член 81 став (5) и (6) од законот, во законски пропишани рокови, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. При тоа, одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација.

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Од наведенава одредба произлегува дека понудувачите имаат обврска да ја изготват својата понуда во согласност со сите барања и услови во тендерската документација односно во согласност со изменетата тендерска документација, а доколку веќе поднеле понуда, истата треба да ја повлечат и да поднесат нова во согласност со последните измени на тендерската документација. Доколку истата не е изготвена во согласност со барањата утврдени во тендерската документација, понудувачот ризикува во фазата на евалуација неговата понуда да биде отфрлена како неприфатлива.

Воедно, Бирото од изнесените податоци неможе да утврди за каква измена станува збор (суштинска со која се менуваат одредени барања, услови или критериуми или несуштинска корекции на одредени воочени грешки во огласот или тендерската документација и сл.). Оттука, комисијата врз основа на доставената документација треба да постапи согласно член 79 став (2) алинеја 9 и 10 од законот, и да утврди дали доставената понуда е неприфатлива, како и

причините заради кои е неприфатлива или да утврди дека е прифатлива понуди. При тоа, согласно член 109 став 6 од законот, неприфатливите понуди комисијата нема да ги рангира.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

### 6. Прашање:

Дали се објавува негативна референца не економски оператор доколку ја потпиште рамковната спогодба но не го потпишува првиот поединечен договор?

### Одговор:

Согласно член 57 став (6) од законот, доколку рамковната спогодба е склучена со еден економски оператор, поединечните договори се доделуваат во согласност со условите од рамковнатаспогодба.
Во врска со рамковната спогодба треба да се има предвид и ставот (10) од истиот член, (во конкретниот случај вториот дел од реченицата) согласно кој, рамковната спогодба со повеќе економски оператори не ги обврзува страните на склучување поединечен договор за јавна набавка, а рамковната спогодба со еден економски оператор ги обврзува страните за склучување на поединечен договор доколку договорниот орган тоа го предвидел во тендерската документација.
Според тоа, имајќи го во предвид горенаведеното и на Вас позната фактичка состојба (условите предвидени во тендерската документација односно одредбите во рамковната спогодба), договорниот орган треба самостојно да одлучи дали во конкретниот случај ќе може да додели негативна референца согласно член 101 став (6) од законот.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

### 7. Прашање:

Спроведена е јавна набавка од мала вредност, а критериум за избор на набаповолна понуда е најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот. При што, за критериум цена се предвидени 50 бода, а за останати 3 критериуми (распространетост со бензиски пумпи -20 бода, систем за безготовинско плаќање 10 бода и бензиска пумпа во радиус од 5 до 7 км - 20 бода ) Поднесена е понуда од само еден економски оператор кој има направено превид е не ги доставил доказите за исполнетост на критериумите. Дали понудата на наведениов понудувач може да се прифати за најповолна врз основа само на критериумот цена за која се предвидени 50 бода или треба да се поништи постапката и да се објави нов оглас за јавна набавка на гориво?

### Одговор:

Согласно член 81 став (1) од Законот за јавните набавки, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

При тоа, согласно член 105 став (1) од Законот, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Од друга страна, евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.
При утврдување на прифатливоста на понудите комисијата предвид треба да ја има дефиницијата од член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.
Оттаму, со цел да се утврди прифатливоста на понудата, нужно е са се проверат техничките понуди на понудувачите.
Имајќи го предвид горенаведеното, доколку економскиот оператор доставил понуда која не е во согласност со барањата од тендерската документација и не може да се провери/евалуира техничката понуда, сметаме дека ваквата понуда е неприфатлива.

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

### 8. Прашање:

Имаме склучено рамковна спогодба и договор кој произлегува од истата за тековно одржување на објекти. Во една од подружниците имаме итна потреба од санација на украден кров, кое би чинело над 750.000,00 денари без ДДВ. Позициите кои треба да се изведуваат се опфатени во договорот. Дали може да изведуваме работи со волкав обем со еден налог, со овој вид на постапка и ваков договор?

### Одговор:

Рамковната спогодба претставува писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори за да се утврдат основните услови кои ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и ако е можно, предвидените количини.
Рамковната спогодба сама по себе не претставува договор за испорака на конкретна стока, услуга или работа. Спогодбата се подразбира единствено како можност договорниот орган во моментот кога ќе му биде потребно нешто што е предмет на спогодбата да пристапи кон една од страните на рамковната спогодба и со неа да склучи договор за испорака на одредена количина, извршување на одредена услуга или изведување на одредена работа од она што е предмет на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата.
Од наведените податоци, не може да се утврди дали е склучена рамковна спогодба со еден економски оператор или со повеќе економски оператори и дали во рамковната спогодба се или не се утврдени сите услови за набавка на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите.
Воедно, договорот за јавна набавка или рамковната спогодба може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка само доколку се исполнети условите наведени во член 119 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од законот. При тоа, во предвид треба да се има и ставот (4)

од наведениов член, согласно кој јасно е наведено кога измената на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба се смета за значителна.
Имајќи го предвид гореневедено, а врз основа на фактичката состојба треба да утврдите дали во конкретниот случај потребата од итна санација на кровот, би можеле да ја изведете во рамки на рамковната спогодба и склучениот поединечен договор.

9. Прашање:

Спроведена е постапка за јавна набавка на услуги за Ревизија на финансиски извешати и со избраниот најповолен понудувач склучен е договор. По склучување на договорот, од страна на избраниот ревизор ни е доставено барање за потпишување на дополнително „Писмо за ревизорско ангажирање“ со кое се уредуваат условите и начинот на реализација на ревизорскиот ангажман.

Со оглед на тоа што предметот, условите, обемот и останатите елементи се веќе дефинирани во ТД, понудата и склучениот договор, би сакале да добиеме појаснување:

1.Дали постои правна основа ДО, по склучување на договорот за јавна набавка да потпише дополнително „Писмо за ревизорско ангажирање“ со избраниот економски оператор?

2. Дали со потпишување на вакво писмо може да се смета дека се врши дополнување или измена на условите од склучениот договор, особено доколку со писмото се уредуваат права и обвски кои не се содржани во ТД и склучениот договор?

3. Доколку потпишувањето на „Писмо за ревизорско ангажирање“ е вообичаена или задолжителна практика согласно ревизорските стандарди, дали истото може да се потпише без да претставува измена на договорот?

Одговор:

Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од законот, се склучува и извршува согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.
При тоа, на договорниот орган и на носителот на набавката во основа не им е дозволено да договараат измени во постојниот договор. Условите од склучениот договор треба да ги одразуваат обврските кои обете договорни страни ги преземале, а биле наведени во тендерската документација и понудата што била избрана за најповолна.
Од друга страна, при спроведување на постапките за јавни набавки, договорниот орган покрај одредбите од Законот за јавните набавки соодветно ги применува и одредбите од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.
При тоа, потпишувањето на „Писмо за ревизорско ангажирање“, не произлегува и не е уредено со одредбите од Законот за јавните набавки.
Сепак, напоменуваме дека договорот исклучиво се склучува и извршува согласно условите наведени во тендерската документација и одредбите од договорот, а дефинирање на дополнителни услови не би можеле да се предвидуваат со потпишување на „Писмо за ревизорско ангажирање“ или пак други документи кои што претходно не биле предвидени. Доколку, од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка, произлегува неопходноста одпотпишување на вакво „Писмо за ревизорско ангажирање“, истото требало да биде наведено и во тендерската документација како информација за применливите прописи.